КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
KOALICIONI TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
KOALICIJA SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И СУДСТВОТО АКТИВНОСТИ ЗА НАДЗОР, ИНТЕРАКЦИЈА, СОРАБОТКА,

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗЕМЈАТА**
**Република Македонија**
**2015**

**Партнери на проектот:**

ПОЛСКА

АЛБАНИЈА

РЕПУБЛИКА ЧЕШКА

МАКЕДОНИЈА

СРБИЈА

СЛОВАЧКА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗЕМЈАТА
## – Република Македонија –

**„Невладините организации и судството – активности за надзор, интеракција, соработка, комуникација”**

Проектот „Невладините организации и судството-активности за надзор, интеракција, соработка, комуникација“ е поддржан од страна на Вишеградскиот фонд (www.visegradfund.org) и Министерството за надворешни работи на Република Кореја (www.mofa.go.kr)

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗЕМЈАТА**

**– Република Македонија –**

**„Невладините организации и судството – активности за надзор, интеракција, соработка, комуникација”**


| | |
|---|---|
| Издавач: | **Коалиција на здруженија на граѓани** |
| | **“Сите за правично судење”** |
| | ул. Македонија 11/2-10, 1000 Скопје |
| | Телl/факс: +389 2 6139874 |
| | E-mail: contact@all4fairtrials.org.mk |
| | Web: www.all4fairtrials.org.mk |
| **За издавачот:** | д-р Мирјана Иванова Бојаџиева, Претседателка |
| **Автор:** | д-р Јасмина Димитриева |
| **Уредник:** | м-р Александра Богдановска Извршна директорка |
| **Имплементатор:** | Коалиција Сите за правично судење |
| **Превод:** | Славица Димитриевска |
| **Дизајн и печат:** | Даниел Митковски |
| | Графохартија |
| **Тираж:** | 50 |

# Содржина


Список на кратенки....................................................................................................4

Методологија ...........................................................................................................5

ДЕЛ 1. .......................................................................................................................6

Вовед..........................................................................................................................6

Кратка информација за земјата ...............................................................................7

Судско организациски информациски систем........................................................7

Видови и примери на НВОа – интеракција со судовите ........................................9

ДЕЛ 2 ........................................................................................................................14

Општи прашања за вклучувањето на невладините организации во интеракција, соработката со судството .......................................................................................14

Правна рамка. Ставот на невладините организации. ..........................................21

ДЕЛ 3 ........................................................................................................................23

Набљудување на судството од страна на невладините организации ..................23

Следење, застапување и вклучување на невладините организации во законодавниот процес по однос на судството.......................................................25

Следење на судски предмети, набљудување на судски предмети, надзор над судот..........................................................................................................................28

Вклученост на невладините организации во судските предмети.........................30

Невладини организации кои работат на полето на пристапот до информации. Транспарентност. ....................................................................................................31

Невладините организации во одбрана на судството и судската независност........33

Обуки и работилници за судии организирани од експертски невладини организации .............................................................................................................33

Невладините организации како организации за едуцирање на граѓаните по однос на судството .........................................................................................................34

Друг вид на невладини организации – интеракција со судови кои не припаѓаат во претходните групи ..................................................................................................35

Меѓународна соработка...........................................................................................36

ДЕЛ 4 ........................................................................................................................38

Библиографија .........................................................................................................38

## Список на кратенки

Академија - Академија на судии и јавни обвинители

ЗКПК – Здружение за кривично право и криминологија

ИСАМСП – Информациски систем за автоматизирано менаџирање на судски предмети

СППМД – Совет за превентива против малолетничка деликвенција

РЦГО – Ресурсен центар на граѓанското општество

ХЦМК – Холандски центар за менаџирање на конфликти

ЕЛСА – Европско здружение на студентите по право

ЕПИ – Институт за европска политика

ЕСЕ – Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените

ЕСЧП – Европски суд за човекови права

ФООМ – Фондација Отворено општество – Македонија

СС – Судски совет

МЗС – Македонско здружение на судии

МП – Министерство за правда

МЗМП – Македонско здружение на млади правници

МОФ – Младински образовен форум

## Методологија

Главната методологија за подготовка на извештајот се состоеше од правна и компаративна анализа на правната рамка по однос на судството и на релевантните извештаи изготвени од ЕУ и невладините организации. Како дополнување на канцелариското истражување, беа собрани и сортирани податоци од прашалници упатени до невладините организации и судовите, како и преку полуструктурирани интервјуа. Последната алатка се покажа како најефискасен метод за собирање на податоци. Интервјуата беа спроведени со клучните невладини организации кои работат и го поддржуваат судството, како на пр: 1. Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, Коалиција Сите за правично судење, 3. Совет за превентива против малолетничка деликвенција СППМД, 4. Институт за европска политика (ЕПИ), 5. Фондација Отворено општество – Македонија (ФООМ), 6. Хелсиншки комитет, 7. Институт за човекови права, 8. Македонско здружение на млади правници (МЗМП), 9. Организација на потрошувачите на Македонија, 10. Зенит и 11. Центар за правно истражување и анализи. Прашалниците беа пополнети од страна на Избор – Струмица, Македонското здружение на судии (МЗС) и МЗМП. Три невладини организации никогаш не одговорија на барањето за состанок и не го пополнија прашалникот.

Посочените прашања во извештајот беа разгледувани со седум судии од основните судови, Врховниот суд и Уставниот суд. Прашалникот беше испратен до Судскиот совет, Академијата за судии и јавни обвинители, четири основни судови, два апелациски суда и Вишиот управен суд. Останатите судови и институции ветија дека ќе го пополнат прашалникот, но до крајот на предвидениот рок одговор не добивме. Темата на извештајот беше разгледувана со претставници на ОБСЕ кои работат на судството и претставници на проектот „Јакнење на судството“, финансиски поддржан од УСАИД.

Податоци беа собрани и од три настани посетени од страна на претставниците на судството и невладините организации на кои беа дискутирани теми релевантни за судството. Станува збор за следните настани: Завршна конференција на Мрежата 23 и јавни настани за извештаите „Судска ефикасност и остварувањето на фер и правично судење“ и „Анализа за независноста на Судскиот совет на Република Македонија – стремеж и предизвици“ – организирана од Коалицијата Сите за правично судење и Институтот за човекови права.

# ДЕЛ 1

## Вовед

Република Македонија е мала земја на југоисточниот крај на Европа. Земја со парламентарна демократија која се здоби со независност од поранешната Југославија во 1991 година.

Земјата има 27 основни судови, 4 апелациски судови и еден Врховен суд. Административните прашања се решаваат од административните судови, додека уставните и законските прашања ги решава Уставниот суд.

Судскиот совет (СС) е водечка институција на судството. Именува, дисциплинира и разрешува судии. Академијата за судии и јавни обвинители (Академија) образува кандидати за судии и обезбедува задолжително продолжено образование. Македонското здружение на судии (МЗС) е доброволно здружение.

Судството се бори со лоша репутација. Јавно објавеното прислушување покажа политичко мешање во назначувањето и унапредувањето на судиите, како и притисоци во индивидуални предмети. Судството се бори со соодветно спроведување на законите. Нема средства и ресурси.

Соработката, комуникацијата и интеракцијата меѓу невладините организации и судските институции зема различни форми. Повеќето невладини организации обезбедуваат бесплатна правна помош на ранливите и маргинализирани групи (баратели на азил, жртви на домашно насилство, Роми и др.). Некои невладини организации спроведуваат стратешко водење (пр. во предмети за антидискриминација и ЛГБТ прашања). Поднесуваат на разгледување иницијативи за уставноста и законитоста, подготвуваат правни проценки и учествуваат во работни групи кои се стремат кон усогласување на македонското право со законодавството на ЕУ.

Постојат специјализирани невладини организации за следење на судските предмети и за надзор врз судовите. Други ја следат и известуваат за работата на Судскиот совет и Уставниот суд. Невладините организации учествуваат во јавни дебати и дискусии разговарајќи за прашања во врска со независноста на судството или за индивидуални судски предмети.

Невладините организации се соочуваат со бројни проблеми како рамнодушноста и неактивноста на судството за активностите на невладините организации и препораките во врска со судскиот сектор, недостатокот од повратни коментари од судските институции, недоволно финансирање и големо осипување на обучен кадар. Набљудувањето на судските предмети и дискусиите за време на тркалезните маси се најприфатените активности од страна на судските претставници. Јавноста силно ја поддржува работата на невладините организации во областа на судството. Невладините организации се обидуваат да ја зголемат својата моќ преку лобирање и учество во регионални и меѓународни проекти.

## Кратка информација за земјата

Република Македонија се простира на површина од 25,713km², со 2,062,294 жители.[1] Согласно последниот попис во 2002 година, двете најголеми етнички групи се Македонци (64, 18%) и Албанци (25, 17%).

Македонија се здоби со независност од поранешна Југославија на 8 септември 1991 година. Земјата претставува парламентарна демократија која се темели на суверенитетот на граѓаните. Во 1995 година Времената спогодба со Грција и овозможи да стане членка на ОН под референцата „Поранешна Југословенска Република Македонија”.

Во почетокот на 2014 година беа регистрирани вкупно 4,156 невладини организации.[2] Законот за здруженија и фондации предвидува дека едно НВО може да биде основано од најмалку пет граѓани со цел спроведување на непрофитни и непартиски активности.[3] И покрај фактот што проектите што ги спроведуваат се ослободени од даноци, барањето на невладините организации за поголемо ослободување од истите не беше прифатено.[4] Финансирањето и одржливоста и понатаму остануваат најголемите проблеми за невладиниот сектор, најчесто финансиран од меѓународни донации. Статусот на невладините организации како тела од јавен интерес, овозможува пристап до јавни средства, но истиот не е атрактивен бидејќи на Владата и дава право на пристап и ревизија со многу малку поволности за невладините организации. Членовите на управните одбори на невладините организации кои се незапослени и работат *pro bono* ризикуваат да бидат избришани од списокот на невработени. Ова би значело губење на социјалните поволности, па оттука се обесхрабрени да се активираат во НВО секторот. Невладините организации спаѓаат во делокругот на Законот за лустрација. Прислушуваните разговори покажуваат дека неколку НВОа се ставени под таен надзор без очигледна законска оправданост.[5]

## Судско организациски информациски систем

Уставниот суд ја испитува уставноста и законитоста на законите и на второстепената легислатива, како и на актите по индивидуални жалби за наводно прекршување на неколку човекови права (правото да не се биде дискриминиран, слобода на политичко здружување, слобода на изразување и слобода на мислење и убедување).[6] Деветте судии на Уставниот суд се избрани од страна на Собранието.

На општинско ниво постојат 25 судови и два специјализирани основни суда. Специјализираниот Основен суд Скопје – 1 има државна јурисдикција за сериозни

---

[1] Државен завод за статистика на Република Македонија, Македонија низ бројки *2013*, www.stat.gov.mk/Default_en.aspx, пристапено на 15 мај 2015 година.
[2] USAID, *2014 НВО Индекс на одржливост за централна и источна Европа и Азија*, http://www.usaid.gov/sites/default/files/documents/1863/FINAL.pdf, пристапено на 10 јули 2015 година стр. 146.
[3] Службен весник бр. 52/10 и 135/11.
[4] Огненовска, Извештај за соработката помеѓу Владата и НВО секторот *јуни 2012 година – декември 2014 година*, МЦМС, 2015, стр.12.
[5] т.н. „бомба“ 37 http://www.sdsm.org.mk/default.aspx?articleId=12111&mId=55&agId=6, пристапено на 19 јуни 2015 година.
[6] Член 110, Устав на РМ.

кривични дела и корупција. Постојат четири апелациски судови и еден Врховен суд. Административниот суд и Вишиот административен суд имаат државна јурисдикција.[7]

Во 2014 година беа именувани 656 активни судии, следствено: 484 во основните судови, 30 во Административниот суд, 109 во апелациските судови, 10 во Вишиот административен суд и 23 во Врховниот суд.[8] На крајот од 2014 година бројот на судии се намали на 608.[9]

Судскиот совет регрутира, дисциплинира и разрешува судии. Неговите 15 членови се иманувани за период од 6 години. Колеги судии избираат осум членови на Судскиот совет, пет членови се избрани од страна на Собранието (двајца од петте судии се именувани од страна на Претседателот на Републиката), согласно правичната застапеност.[10] Постојат и двајца *ex officio* членови: министерот за правда (член без право на глас) и претседателот на Врховниот суд.

Академијата образува кандидати за судии и обезбедува задолжително продолжено образование во областа на правосудството.[11]

Судскиот совет е водечка судска институција. Врховниот суд, како највисок суд го застапува судството. Македонското здружение на судии е доброволно здружение кое го штити интегритетот на судиите.

Земјата беше подложена на неколку реформи во областа на правосудството со цел јакнење на независноста и професионализмот на судиите. Судиите се назначени за живот и нивните плати се над просечните. Сепак, јавно објавените прислушувани разговори покажуваат политичко мешање во изборот и промоцијата на судиите, како и притисоци за поединечни предмети по кои одлучуваат одредени судии. Ова ја поттикна Европската комисија да издаде експертски извештај и да повика на итни реформи во судството.[12]

Судството се соочува со следните предизвици:[13]

1. Да ја зачува својата независност, непристрасност и квалитет кога решава по судски предмети независно од политичките притисоци и сензитивет на одредени предмети;
2. Да се држат понастрана од политички притисоци за вработување, унапредување, дисциплинирање и разрешување на судии и други високи судски службеници;
3. Соодветно да се спроведуваат законите кои го регулираат судството, кривичните постапки и спроведувањето на одлуките на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП);

[7] Закон за судови, Службен весник бр. 58/06, 35/08, и бр. 256/07, бр. 74/08, 150/10, бр. 12/11.
[8] *Годишни статистики за Република Македонија*, 2014.
[9] *2014 Годишен извештај на Судскиот совет*, стр. 11, 12 & 19.
[10] Амандмани XXII, XXV, XXVIII и XXIX од Уставот, 7 декември 2005 година.
[11] Закон за Академија на судии и јавни обвинители, Службен весник бр. 20, 12 февруари 2015 година.
[12] Анекс – Препораки на групата виши експерти, анекс Б – Итни реформски приоритети.
[13] *2014 ЕК Извештај за напредок, ГРЕКО Четврти евалуациски извештај* http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/greco/evaluations/round4/ReportsRound4_en.asp пристапено на 10 јули 2015 година; Стејт департмент на САД, *2014 Извештај за состојбата со човековите права во Македонија*.

4. Да се зголеми јавната доверба во судството [14] и Уставниот суд;[15]
5. Правилно да се применува правдата за сите случаи поврзани со публикувањето на мактеријалите од прислушувањето и да се обезбеди судски надзор врз средствата за следење на комуникациите; и
6. Да се зачува независниот судски буџет.

Јавната анкета од август 2014 година покажува низок степен на доверба во судството.[16] Судскиот совет и Министерството за правда (МП) зголемувањето на јавната доверба ја сметаат за своја стратешка цел.[17]

## Видови и примери на НВОа – интеракција со судовите

Од стекнувањето независност во 1991 година, НВО секторот го започна својот развој со поддршка на странски донации како на пример Американската бар асоцијација-ЦЕЛИ, УСАИД, програмите на ЕУ, УНХЦР. По однос на образовната компонента, се до основањето на Академијата, Македонското здружение на судии претставуваше лидер што нудеше продолжено образование за судиите. Семинари и тркалезни маси со судии и други правни професионаци се редовно организирани од Здружението на (поранешен бизнис) адвокати на Македонија и Здружението за кривично право и криминологија (ЗКПК).

Други значајни активности од поранешното работење на НВО секторот се :

1. Работата на Организацијата за правата на жените ЕСЕ која од 1994 година започна со развивање на своите капацитети со цел да понуди правна заштита на жените. Организацијата континуирано нуди бесплатна правна помош и советување на жртви од домашно насилство;

2. Ресурсниот центар на граѓанското општество (РЦГО) работи на баратели на азил, најчесто на Ромите кои го имаат напуштено Косово во 1999 година и на кои им беше овозможена бесплатна правна помош. Центарот следи предмети за полициска бруталност и ги застапува своите клиенти пред ЕСЧП;

3. Правна заштита на човековите права е понудена во континуитет од страна на Хелсиншкиот комитет регистриран во Македонија во 1995 година; и

4. Програма за сеопфатно набљудување на судски предмети која започна со формирање на Коалицијата Сите за правично судење во 2003 година, која и помогна на земјата во своите судски и правни реформи.

Судовите и судските институции (Судскиот совет, Академијата) и НВО секторот продолжуваат со интеракцијата и соработката на различни начини, како на пример:

---

[14] Бројни пресуди во врска со предмети за тероризам или за новинари поради кои имаше јавни протести.
[15] 2015 Извештај на Фридам хаус.
[16] Центар за истражување и креирање политики, http://a1on.mk/wordpress/archives/458834, пристапено на 19 јуни 2015 година.
[17] *2014 Годишен извештај на Судскиот совет*, стр. 42-43, Стратешки план на Министерство за правда 2014-2017, дел 3.23.1.3.

1. Учество во судски постапки: Најчестиот вид на интеракција помеѓу судовите и НВО секторот е преку нудење бесплатна правна помош. Законот за бесплатна правна помош [18] вели дека НВО секторот може да нуди бесплатна правна помош. Одреден број организации нудат бесплатна правна помош во судовите и пред ЕСЧП.[19]

   МЗМП координира мрежа на НВОа кои нудат бесплатна правна помош на различни категории граѓани. Се нуди правна помош на баратели на азил и се спроведува стратешко водење за предмети од областа на антидискриминацијата со помош на адвокати. Неколку НВОа обезбедуваат бесплатна правна помош на Роми, пр. Националниот ромски центар, Куманово и Роми СОС, Прилеп.

   МЗМП во соработка со ФООМ и други НВОа од Куманово, Битола и други места, поднесе барање до судовите за информации од јавен карактер со цел стекнување поголем пристап до правда, а оттука и застапување за поголема транспарентност во судските постапки и подобар јавен пристап до пресудите.

   Хелсиншкиот комитет исто така обезбедува бесплатна правна помош и спроведува статешко водење пред домашните судови и ЕСЧП на разни предмети поврзани со полициска бруталност, слобода на здружување, лустрација итн. По одобрение од суд, нејзините членови посетуваат лица лишени од слобода. Оваа невладина организација за човекови права е член на мрежата НВОа за заштита од дискриминација (заедно со ЕСЕ, Роми СОС, ФООМ и други) кои спроведуваат стратешко водење за овој вид предмети. Поднесува иницијативи за разгледување на уставноста и законитоста на законите т.е. на законот што ја регулира социјалната помош на лицата со посебни потреби, Законот за лустрација и за Законот за клевета. За своите наоди известува во месечни, двомесечни и годишни општи и тематски извештаи.

   ЕСЕ е добро позната невладина организација за женски права. Континуирано обезбедува поддршка на жртви од домашно насилство, бесплатна правна помош и советување.

   Организацијата за заштита на потрошувачите обезбедува првична правна помош, но не ги застапува своите клиенти на суд. Согласно закон, Организацијата на потрошувачи може да започне класни акции, но системот се уште не е тестиран за ова.

   Невладините организации што работат на прашања од животна средина, како на пример ЕД Вила Зора, учествуваат во постапки кои бараат преземање мерки од страна на Топилницата за влијанието врз животната средина. Исто така и тие поднесуваат барања за разгледување на уставноста и законитоста на

[18] Службен весник бр. 161/09 и 185/11.
[19] http://www.pravda.gov.mk/documents/reg_zdr_pred_pravna_pomos.pdf, пристапено на 20 јуни 2015 година.

правната рамка по однос на животната средина пред Уставниот суд на пр. НВО Арсена.

Во минатото Коалицијата Сите за правично судење даваше бесплатна правна помош на наводни жртви на полициска бруталност и во рамките на проектот „Поддршка на човековите права", ги покриваше трошоците за медицински прегледи. Транспарентност интернешнл-Македонија обезбедуваше правен совет на жртви и сведоци на корупција.

2. Набљудување на судски предмети и надзор над суд: Од основањето во 2003 година Коалицијата Сите за правично судење следи предмети од различни области вклучувајќи избори, антикорупција и сериозен криминал, предмети за клевета и изготвува јавни извештаи кои најчесто се однесуваат на судството. Доста често судиите даваат свој придонес кон проектите преку подготовка на анализи врз основа на собраните податоци од набљудувањето. Коалицијата Сите за правично судење исто така спроведува програма за надзор над судот. ЕСЕ кои имаат мисија за заштита на правата на жената, ги следи предметите за домашно насилство.

   На територија на цела држава, Хелсиншкиот комитет спроведува набљудување на судски предмети за високоприфилирани случаи кои опфаќаат прекршување на основните права. Комитетот набљудува инциденти на дела од омраза (пр. поврзани со ЛГБТ заедницата), но истите ретко стасуваат до суд. Хелсиншкиот комитет ја следи работата на Уставниот суд, присуствува на неговите сесии и изготвува анализи за неговата работа.

   Други проекти за набљудување на судски предмети се: а. Антикорупциската програма за набљудување на судски предмети на Транспаренси интернешнл-Македонија, со судството како еден од столбовите, и б. Посета на судот организирана од Европското здружение на студенти по право (ЕЛСА), каде членовите на ЕЛСА се информирани како да станат судски практиканти.

3. Поддршка на НВО секторот за секторските реформи во судството и владеење на правото: Советот за владеење на правото е мрежа од професионални правни здруженија и НВОа кои придонесуваат кон судска независност, отчетност и ефикасност преку следење на работата на судските тела и јакнење на капацитетите на невладините организации и правните професионални здруженија, како и преку застапување за владеење на правото.[20] Советот ја едуцира јавноста и правниците за измените во кривичната постапка. Членувањето е доброволно и бесплатно. Нејзини членки се МЗМП, Коалицијата Сите за правично судење, ЕЛСА и Здружението на судската администрација. Мрежата е поддржана од страна на Проектот на УСАИД за јакнење на судството.

   НВО секторот и судиите соработуваат и ја координираат работата и како членови на разни работни групи кои работат на изготовка на предлог

[20] http://www.zkp.mk

легислативата или даваат свој придонес кон реформските стратегии на судскиот сектор. На пример, работната група за реформи во медијацијата вклучуваше судии и претставници на ЕПИ. Судиите беа членови на работната група за реформи во кривичната постапка заедно со други претставници на Здржението за кривично право и криминологија, како и работната група која ги има изготвени измените на изборната легислатива координирана од страна на НВО МОСТ. СППМД, НВО организација предводена од судија, придонесе исто така кон реформите во кривичното право.

Коалицијата Сите за правично судење издава извештаи кои се однесуваат на судството со препораки за правни реформи и ефикасност на правдата. Институтот за човекови права спроведе анкета и направи анализа за користењето на правните лекови од страна на новинарите.

НВО секторот исто така обезбедува и законодавни проценки. Меѓу другото, Институтот за човекови права обезбеди проценка на предложениот уставен амандман XXXVIII што предвидува измена во составот на Судскиот совет и Законот за антидискриминација.

4. Следење на работата на судските институции, проценка и известување: Институтот за човекови права го следеше изборот на член на Судскиот совет од категоријата „истакнати правници“ и изборот на судии во Судскиот совет за потребите на проектот „Анализа на независноста на судство во Република Македонија – перцепции, потешкотии и предизвици”.

   Додека Зенит се фокусираше на компатибилноста на легислативата на правосудството со законодавството на ЕУ, Центарот за правни истражувања и анализи е во процес на развивање методологија за проценка на судството врз основа на избрани индикатори.

   Дваесет и две невладини организации, вклучувајќи ја и Коалицијата Сите за правично судење, МЗМП, Институтот за човекови права, Хелсиншкиот комитет, во 2013 година дадоа свој придонес кон Универзалниот периодичен преглед на ОН по однос на правосудството и дадоа препораки по тоа прашање.

5. Обуки: Посебниот тип обуки испорачани од страна на НВО секторот ја вклучуваат Организацијата на потрошувачи која организираше обуки за судиите на Академијата во врска со практичните аспекти на заштитата на потрошувачите. Втор пример е обуката за обучувачи организирана од страна на ЕПИ, а спроведена на Академијата која повторно како целна група ги имаше судиите.

   Судиите се истовремено едукатори и презентери на обуките и работилниците организирани од страна на Здружението за кривично право и криминологија. Ова Здружение на едно место ги собира судиите, обвинителите, професорите по право, адвокатите и правните експерти од областа на кривичното право.

СППМД организираше семинари за судии, обвинители, полиција и адвокати на теми посветени на малолетничката правда. На оваа обука Академијата покани претставници на невладините организации (пр. МЗМП), како и членови на Адвокатската комора (кои исто така може да бидат активисти на невладини организации).

6. Следење на спроведувањето на законот и пренесувањето на законодавството на ЕУ: НВО секторот прави проценка и изготвува извештаи кои се однесуваат на судството. На пример, извештајот на Зенит за: „Аналитички извештај за независноста, непристрасноста, професионализмот и ефикасноста на судскиот систем“, опфаќа анализа за пренесувањето на законодавството на ЕУ од судската област во домашните закони.

   Мрежа 23 е НВО мрежа координирана од ЕПИ. Го следи прифаќањето на законодавството на ЕУ и интегративниот процес на ЕУ виден од перспектива на Поглавјето 23 – судство и фундаментални права. Целта е да се влијае врз спроведувањето на соодветните политики. Мрежата соработува со поединечни судии.

7. Отчетност: НВО секторот (пр. Хелсиншкиот комитет) поднесува претставки до Судскиот совет за работењето на поединечни судии или судови. Во 2014 година невладините организации поднеле вкупно пет претставки.[21]

[21] 2014 Годишен извештај на Судски совет, стр. 30.

# ДЕЛ 2

## Општи прашања за вклучувањето на невладините организации во интеракција, соработката со судството

Македонија минува низ сериозна политичка криза. Судството не е поштедено од сомнежи и обвинувања дека во голема мера е контролирано од извршната власт на Владата. Одредени невладини организации (пр. Зенит) подготвуваат анализи, анкети, идентификувајќи проблеми и нудејќи препораки по однос на усогласувањето на судскиот сектор со меѓународните и ЕУ стандарди за судска независност. Резултатите од следењето на работата на Судскиот совет од страна на Институтот за човекови права придонесе кон детектирање и разбирање на проблемите што го опкружуваат регрутирањето, разрешувањето и унапредувањето на судиите. На пример, Институтот за човекови права ја следеше работата на Судскиот совет во периодот помеѓу ноември 2012 година и април 2013 година и заклучи дека не постои оправдување за изборот или отфрлањето на кандидатите за судии. Во 2015 година Институтот издаде анализа за независноста на Судскиот совет и даде препораки за подобрување на дисциплинските процедури и оние за разрешување.

Хелсиншкиот комитет преку следење на судскиот предмет од октомври 2014 година кога беа приведени 14 судии за прекршоци и 11 членови на судската администрација за наводна злоупотреба на службената должност, исто придонесе кон разбирање на ограничувањата на судското дискреционо право.

Невладините организации придонесуваат кон јакнење на довербата на јавноста во судскиот систем преку следење на индивидуални предмети и трендови, како и преку давање бесплатна правна помош. Нивното минато учество во стратегијата на судската реформа е преку учество во работна група, стратешко водење и мерење на перцепцијата на судиите за влијанието на Законот за кривична постапка врз судските и правни реформи. Другите позитивни примери за придонесот на невладините организации кон поголема транспарентност на судството ги вклучува автоматизацијата на судот и пристапот до пресудите.

Експерти од невладините организации учествуваа на јавни дебати во врска со актуелните прашања за судството пр. прислушуваните разговори што предизвикаа сомнеж за независноста на судството како и други високо профилирани предмети, и оттука придонесоа кон пласирање на избалансирани информации од јавен карактер. Барањата на невладините организации за информации од Врховниот суд за спроведување на пресудите од ЕСЧП, исто придонесоа кон поголема свесност кај правните професионалци и јавноста за постоечките проблеми. На пример, Мрежата 23 изработи и публикува анализа што обелодени дека судовите функционираат со помалку средства од предвидените во Законот за судскиот буџет.

Македонија е зрела за уште една судска реформа што треба да стапи на сила тогаш кога политичката криза ќе заврши. Експертите на Европската комисија веќе дадоа реформска мапа, додека премиерот ја потврди својата подготвеност за реформи. Се очекува новата стратегија за реформи во судството да биде целосно

спроведена во 2016 година. Она што останува како најголем предизвик не е самиот реформскиот процес, туку дали овој пат истиот ќе биде успешен. Да се инвестираат сите напори, ентузијазам и средства во уште една неуспешна судска реформа може единствено да биде споредено со одење низ темен тунел без да се види светлината. Оттука, креаторите на политиките треба да се отворат и да се потпрат на придонесите од невладините организации со цел да се излезе надвор од актуелните предизвици.

Факт е дека недостатокот од средства и строгите критериуми на донаторите го ограничуваат вклучувањето на невладините организации во судската сфера. Отежнатата комуникација со Судскиот совет, Македонското здружение на судии и дел од судовите (пр. административните), кои се карактеризираат како хиерархиски, затворени и далечни, претставуваат уште една препрека. Комуникацијата и соработката најчесто зависи од претседателот на судот или претседавачкиот судија. Не многу судии се заинтересирани или информирани за работата на невладините организации. Најчесто службениците за односи со јавност се тие кои ги посетуваат настаните на невладините организации. Невладините организации се засегнати од неподготвеноста на судските органи да соработуваат со нив на еден посистематичен начин и да ги следат нивните извештаи и препораки. Не постојат примери за директна соработка помеѓу невладините организации и судовите како партнери на некој проект.

Оние невладини организации кои нудат бесплатна правна помош и спроведуваат стратешко водење се соочуваат со неколку проблеми кои треба да бидат надминати. На пример, понекогаш им е забранет пристапот до списите на одреден предмет, немаат доволно време да ја подготват одбраната или им се оневозможува застапување во постапката.

Превизвиците во судството ја нагласуваат потребата од следење на судските предмети. Со цел да ги спознаат трендовите, правните експерти ги идентификуваат процедуралните слабости, известуваат за судската пракса и ја испитуваат доследната примена на законите, па оттука се јавува потребата од следење на судските предмети. Правичноста на судските постапки кај високо профилираните предмети бараат доследно набљудување од страна на невладиниот сектор. Потребата да се следи Судскиот совет е нагласена поради бројните констатирани слабости, како на пример носењето одлуки без соодветен потпис или дата. Се гледа како неопходно и следењето на Уставниот суд поради неговите одлуки да отфрли неколку контраверзни предмети.

Општо гледано, Македонското здружение на судии и судиите го прифаќаат набљудувањето на судските предмети и судскиот надзор согласно принципите на јавност на судењето. Сметаат дека е пожелно набљудувачите да бидат дипломирани правници со положен правосуден испит и со познавање на судската работа. Извештаите треба да се однесуваат на јавните расправи кои биле следени, истите мора да бидат точни и изготвени од експерти со цел да бидат релевантни за судовите. Оттука, невладините организации и судовите треба да се договорат за модалитетите на соработка. Постои мислење дека невладините организации не треба да ги коментираат пресудите бидејќи за нив постојат повисоки апелациски инстанци, како и дека невладините организации немаат пристап до тие списи.

Македонското здружение на судии смета дека невладините организации треба да го следат регрутирањето на судиите, нивното унапредување и дисциплинските постапки, секако доколку истите располагаат со потребната експертиза и објективност.

Невладините организации со долготрајно искуство во заштитата на човековите права (пр. Хелсиншкиот комитет, Коалицијата Сите за правично судење) или со судиите како нивни членови (пр. Институтот за човекови права, СППМД), имаат подобро искуство во соработката и пристапот до судовите.

Позитивниот тренд во работењето на невладините организации во борбата против дискриминацијата, следењето на судските предмети и поддршката за владеење на правото ги обезбедува со подобра поддршка за лобирање и застапување. На пример, Мрежата 23 ги обработува овие предизвици во Поглавјето 23 посветено на судството, безбедноста и слободата како дел од интегративниот процес на ЕУ. Тоа е мрежа од невладини организации каде членуваат ЕПИ, Хелсиншкиот комитет за човекови права и Центарот за управување со промени, како и одреден број на подгрантисти (пр. Коалицијата Сите за правично судење) кои работат кон остварување на заедничката цел.

Стратешкото застапување претставува друг позитивен тренд во невладиниот сектор. Посветените невладини организации се стремат кон градење на судската пракса со цел подобра заштита на човековите права. Сепак, негативниот резултат од одреден судски предмет може уште еднаш да го потврди недостатокот на правна заштита и оттука да ги обесхрабри кандидатите да бараат правна заштита.

Бројот на невладини организации чиј фокус е интеграцијата во ЕУ, прифаќање на законодавството на ЕУ и креирањето политики се зголемува, и покрај тоа што процесот на интеграција во ЕУ е стопиран. Понатаму, постои вакум во основањето на тинк тенк организации и обезбедување стручни услуги.

Општо гледано, соработката и комуникацијата помеѓу невладините организации може значително да биде отежната поради промена на вработените или недостаток од финансиска одржливост. Натпреварот за добивање средства, како и политизирањето на невладиниот сектор се уште претставува пречка за нивна меѓусебна соработка и градење заедничка платформа. Истовремено постои висок праг на промена на вработените кај невладините организации што влијае врз нивните капацитети и експертиза, па оттука се создаваат потреби за специјализирани обуки (пр. пишување на извештаи, правно истражување и анализи).

Како стојат нештата сега, изгледа тешко дека невладините организации ќе добијат институционален одговор или повратна информација од судството по однос на своите извештаи, активности и препораки. Судовите ретко или никогаш не одговараат на прашалниците од невладините организации. Дури и да го прифатиме аргументот дека судиите добиваат многу такви барања, сепак недостасува поструктуиран и координиран одговор од судството. Потребна е стратегија или упатство за соработка и интеракција со невладините организации која ќе го појасни контактирањето и координацијата со судството, како и апликативни процедури за различни видови на интеракција. Секако дека тоа ќе им помогне на судовите да се справат со барањата за

соработка и информација од страна на невладините организации. Создавањето на редовен форум за соработка, интеракција и дискусија на тематски прашања поврзани со судството ќе претставува придобивка во тој поглед.

Понатаму, недостигаат форуми и јавни дебати со учество на судии, претставници на невладиниот сектор, адвокати, обвинители и членови на Судскиот совет и Академијата. Во тој поглед не е јасно кое тело ги претставува интересите на правосудството т.е. Врховниот суд, Академијата или Судскиот совет. Моменталната ситуација наведува дека Судскиот совет е перципиран како најмоќното тело во судскиот сектор. Од иста причина се чини дека на истиот не се гледа како чувар на судската независност и интегритет (пр. анализи на Институтот за човекови права, експертските извештаи на Европската комисија, пресудата Митриновски против Македонија, пресуда на ЕСЧП). Се чини дека судиите би сакале свое поактивно вклучување во поддршка на интересите и статусот на судиите.

Потпишување на Меморандум за соработка со Судскиот совет, Академијата и/или судовите ќе ги подобри можностите на невладините организации да понудат и добијат повратен одговор и ќе ја гарантира неопходноста од посветеност на обете страни. Професионалните мрежи, заедничките специјализирани обуки, редовните средби, отворените дебати и дискусии помеѓу судството и невладините организации се неопходни за продлабочување на меѓусебната соработка на сите нивоа.

Гледано од позитивна страна, соработката со одредени судии и со некои судови во врска со набљудувањето на правичното судење и подготовката на правната анализа и истражување е на задоволително ниво. Конкретен пример е заедничката средба помеѓу Хелсиншкиот комитет и приближно 30 судии од Основниот суд – Скопје на која се дискутираше за наодите на невладините организации и набљудувањето на судските предмети. Уставниот суд ги кани невладините организации на своите подготвителни состаноци за контраверзни предмети (пр. лустрацијата) и го бара нивното мислење.

Невладините организации се членови на работни групи за изготовка на закони и нудат анализи и извештаи најчесто поддржани од меѓународната заедница. Во минатото, со поддршка на ОБСЕ, Коалицијата Сите за правично судење беше дел од работната група на високо ниво со учество на претседателот на Врховен суд и други судии. На овие состаноци беа дискутирани извештаите и препораките на Коалицијата и истите беа земени предвид како дел од правната реформа. Сепак овој форум не го издржа притисокот на времето.

Ограничениот број на коментари од невладините организации се должи на неактивноста на одреден број судии, како и хиерархиската структура во самото судство. Не сите судии и останати судски претставници ја делат истата информација за работа на невладините организации во судскиот сектор. Позитивен пример во тој поглед е СППМД бидејќи нејзиниот претседател работеше во невладиниот сектор пред да стане судија. Се чини дека одредени членови на невладини организации немаат доверба во квалитетот на правдата и обратно.

Од една страна земајќи ја предвид алармантната ситуација што ја имаме во последно време, јасно е дека на судството му треба поддршка и повратни информации од невладините организации. Од друга страна постојат многубројни извештаи и анализи направени од страна на невладините организации со ограничен капацитет за апсорпција на судството. Наодите и извештаите на невладините организации се натпреваруваат со оние на меѓународните и регионални организации, како на пример ЕУ, Советот на Европа и ОБСЕ. И додека последната организација претставува основа за судски и правни реформи во земјата, производот на невладините организации служи како придружен материјал и извор на информации за државните тела и меѓународната заедница. На пример, резултатите од набљудувањето на Коалицијата Сите за правично судење за судските предмети поврзани со изборите беа редовно дискутирани на состаноците посетени од претставниците на меѓународната заедница. За потребата на своите истражувања и јавни изјави, политичарите, научниците и експертите се потпираат на извештаите и анализите на невладините организации.

Доколку се цени по барањата на граѓаните за правна помош од невладините организации, јавноста е недоволно информирана за активностите и проектите на невладините организации во врска со судството. Граѓаните имаат доверба во невладините организации и ги поддржуваат нивните активности. Активно бараат набљудување на своите судски предмети. И покрај фактот што нема спроведено анкета, Македонското здружение на судии од искуство заклучува дека генерално, јавноста позитивно гледа на вклучувањето на невладините организации во судството.

Македонското здружение на судии смета дека соработката помеѓу судството и невладините организации ќе се подобри преку востанување рамка за соработка, како и заеднички средби. Понатаму, Судскиот совет треба да создаде рамка за соработка со невладините организации и треба да направи напори да обезбеди следење на коментарите дадени од страна на невладините организации.

Јасно е дека невладините организации би сакале да имаат добро воспоставен форум со судовите и повисоките судски тела за повратни информации и коментари, како и следење на идните активности. Обуките и презентациите наменети за судиите по однос на работењето на невладините организации, како и придобивките што истите може да му го дадат на судскиот сектор, ќе придонесат кон создавање пријателска околина за дискусија на коментарите дадени од невладините организации. Јавните дебати со учество на невладините организации помагаат во иницирање и поттикнување дебата за правдата и слободата.

Водечките невладини организации и донатори во судскиот сектор известуваат дека во последните неколку години немале проекти и активности заедно со Македонското здружение на судии. Институтот за човекови права потпиша Меморандум за соработка со Македонското здружение на судии, но без никаков резултат. Бројни судии изразија желба да го видат Здржението поактивно во претставување на интересите на судство, како и да понудат соодветен одговор за прислушуваните разговори кои посочуваат непримерно мешање во судството. Понатаму, Македонското здружение на судии треба да се справи и со други проблеми,

како на пример несоодветното известување на медиумите кое го нарушува начелото на пресумпцијата на невиност.

Македонското здружение на судии ја повторува својата отвореност за соработка со невладините организации и востановува рамка за соработка со цел исполнување на своите цели т.е. независно и непристрасно судство, заштита на дигнитетот и угледот на судската функција, промоција на етичкиот кодекс и континуирано образование за судиите. Со ФООМ имале заеднички проект за анализа на одлуките за притвор (2008-2010) и соработувале со МЗМП во 2011 година. Повремено поканувaат членови од невладиниот сектор на своите настани, на пример Здружението на новинари, и учествуваат на конференции и настани организирани од Мрежата 23.

Само во исклучителни случаи судските тела на своите состаноци, семинари, конференции поканувaат невладини организации. Голема е веројатноста дека невладините организации ќе бидат поканети на настан за судството кога истиот е организиран со поддршка на меѓународната заедница.

Некое општо правило кое ги вклучува невладините организации во официјалните судски тела не постои. Спорадично се поканети да учествуваат во работни тела на Министерството за правда при изготовка на закони, како и да дадат свои коментари и видувања на парламентарните комисии. За посебно достигнување се смета вклучувањето на претставниците од невладините организаии во работните групи за развивање на Стратегијата за реформи на судскиот систем за периодот 2015-2019 година, основана од страна на Министерството за правда. Во согласност со барањето на ЕУ за поголема транспарентност и вклучување на невладиниот сектор во Поглавјето 23, Владата вклучи претставници на невладини организации во работните групи за усвојување на законодавството на ЕУ по однос на одредени специфични прашања. Понатаму, претседателот на СППМД, судија по вокација, учествува во работната група одговорна за судското автоматизирање.

Невладините организации соработуваат со адвокати и членови на Адвокатската комора во процесот на правна помош и стратешко водење. Понекогаш членови на Адвокатската комора се вклучени во работни групи за изготвување на закони, координирани од страна на невладини организации (пр. Здружението за кривично право и криминологија) и се поканети на обуки. Проектите на невладините организации кои се стремат кон подобрување на судската и правна рамка често ги вклучуваат јавните обвинители (пр.реформи што се однесуваат на изборите – НВО МОСТ, реформи на кривичното право – (пр. ЗКПК). Невладините организации соработуваат и со нотарите, правните експерти и претставниците на Омбудсман институцијата. Членовите на судскиот регистар одржуваат контакти со невладините организации преку Здружението на судската администрација. Здружението е еден од членовите на Советот за спроведување на правото заедно со други невладини организации.

Ниту курикулумот на Академијата, ниту било која друга обука не ја опфаќа важната улога што невладините организации ја имаат во општеството, освен оние општите обуки за јавни судења, за транспарентност и за односи со јавноста понудени од Академијата. Академијата нуди предавања кои ја третираат улогата на невладините организации во заштита на жртвите од домашно насилство, од трговија со луѓе и улогата на меѓународните невладини организации, како на пример Хелсиншкиот комитет.

На едно сосем друго ниво, некои судии ја критикуваат работата на невладините организации во правосудството бидејќи сметаат дека нивната експертиза е незадоволителна. Според Македонското здружение на судии се повеќе невладини организации ја следат работата на судовите. Сепак, не сите од нив има соодветна информација за тоа како се организирани судовите и како судиите носат одлуки. Невладините организации беа советувани да ги контактираат службениците за односи со јавност во судовите и на тој начин да ја добијат информацијата што им треба. Други критички настроени гласови изразија недостаток на доверба во објективноста на невладините организации поради страв од партизираност на невладиниот сектор. Под изговор на лошо минато искуство, барањето одговор на прашалниците од судиите се смета како непопуларен метод за собирање на информации без разлика дали прашалникот е анонимен или не. Од се она што претходно наведовме, се доаѓа до заклучок дека мерките за градење доверба во областа на правосудството и судиите се под итно потребни.

Дел од невладините организации се тинк тенк организации, со високо образовен кадар специјализиран за истражување. Невладините организации редовно соработуваат со професори по право за подготовка на анализи, извештаи, како и за испорака на обуки. Здружението Зенит соработува со Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) чиј претседател е почесен професор по право. Нивната соработка опфаќа поддршка на публикации, заеднички проекти и учество на настани. Други невладини организации известуваат дека соработката со МАНУ најчесто се заснова на индивидуални контакти со нејзините членови кои се истовремено и членови на невладини организации или нудат експертиза на проекти. Одредени проекти поврзани со правните реформи вклучуваат експерти специјализирани за политички односи или социолози. Сепак не постои континуирана соработка со различна група на експерти од општествените науки или, на пример со психолози и покрај прашања кои меѓусебно се вкрстуваат. Невладините организации соработуваат со социјални работници и психолози на проекти за заштита на ранливите групи.

Годишните извештаи на Судскиот совет дава слика за ефикасноста на сите судови во Македонија и ги посочува оние судови кои не успеале да се справат со остатокот на предмети. Советот исто така дава и збирни податоци за евалуацијата на судиите во секој суд. Не постои рангирање на судови или судии.

Во август 2013 година Институтот за човекови права објави сеопфатна анализа за независноста на судството. Едно од поглавјата прави анализа на истражување кое ја мери перцепцијата на граѓаните во 14 основи судови. Анализата нуди рангирање на 5 до 6 судови врз основа на одговори на интервјуирани граѓани. За оваа цел беа

користени неколку индикатори како на пример независноста и пристрасноста на судовите, почитувањето кон судовите, транспарентноста, ефикасноста, професионализмот.[22]

Во 2015 година Владата формираше јавни фондови наменети за реформи во владеење на правото, борба против корупцијата и заштитата на човековите права со координација на невладините организации. Висината на средствата одвоени за оваа намена беа приближно 24,500 евра, додека висината на индивидуалните грантови приближно 4,900 евра. Постојат мислења дека преку добивање такви грантови, невладините организации се обврзуваат да и дозволат пристап на Владата до своите активности, документи и финансирање, токму поради оваа причина истите не се користат.

На пример, Организацијата на потрошувачи прими мал грант (приближно 8,200 евра) од Министерството за економија. Владата усвои програма за заштита на потрошувачите за 2015-2016 година во која предвиде мали грантови за невладини организации кои работат во областа на заштитата на потрошувачите. Министерството за економија објави јавен повик за мал грант, додека дополнителни помали алокации беа предвидени за невладините организации кои работат на заштита на потрошувачите. На пример, постоеше грант од само 2,600 евра, но трошоците за објавување на јавниот повик за грантот беа проценети на 500 евра.

Невладините организации кои се борат против домашното насилство примаат државни грантови со цел обезбедување правна заштита. Примаат алокации од стекнатиот профит заработен преку игри на среќа.[23] Истиот извор на финансирање се користи за грантови наменети за здруженија на лица со попреченост за подготовка на легислатива и за застапување.

Судските и правни реформи, развојот на невладиниот сектор и обуките на Академијата продолжуваат да се поддржуваат и финансираат најмногу од странските донатори. Списокот на донатори ги вклучува меѓу другото УСАИД, проектите за јакнење на правосудството, ЕУ фондовите, ОБСЕ, ГИЗ, Холандската амбасада и Британската амбасада.

## Правна рамка. Ставот на невладините организации.

Невладините организации на различни начини се вклучуваат во судските постапки, преткривичните и административни постапки. Секој, вклучувајќи ги и невладините организации, може да иницира разгледување на уставноста и законитоста на законите и на второстепената легислатива од страна на Уставниот суд (actio popularis). Невладините организации веќе поднесоа бројни иницијативи и на тој начин имаат надзорна улога врз уставниот систем.

Повеќето невладини организации нудат прелиминарно правно советување, но ангажираат и член од Адвокатската комора кој ги застапува нивните клиенти на суд. Законот за бесплатна правна помош ги овластува невладините организации да даваат

[22] http://www.ihr.org.mk/images/pub/Analiza_na_nezavisno_sudstvo_vo_RM.pdf, стр.90-96.
[23] Службен весник бр. 7, 16 јануари 2015, Поглавје IV.

прелиминарна бесплатна правна помош во судски и административни постапки со финансирање од страна на државата под услов да имаат барем еден вработен кој има положено правосуден испит. Само членовите на Адвокатската комора нудат бесплатна правна помош во судските постапки. Законот за бесплатна правна помош не е применлив кога станува збор за задолжителна одбрана во кривични предмети и правна деликвенција што паѓа во делокругот на други закони.

Законот за спречување и заштита од домашно насилство[24] и Регулативата за спроведување на мерките за заштита на жртвите од домашно насилство [25], предвидува можност за жртвите на домашно насилство да бидат упатени кај невладините организации со цел добивање бесплатна правна помош.

Во 2011 година Законот за граѓанска постапка [26] предвиде можност за секој со „правен интерес" да се стекне со статус на трето лице кое „се меша" т.е. учествува во постапки и поднесува поднесоци. Пример за такво учество е Мрежата за заштита од дискриминација на која и беше одобрено да биде вклучена како „посредник" во еден случај за антидискриминација во судот во Гостивар.

Во 2011 година Законот за заштита на потрошувачите (член 31-д и ѓ) даде право на „овластено тело" кое ги штити правата на потрошувачите, да започне класна акција. Засебен акт треба да определи кое ќе биде тоа „овластеното тело", но ваков акт се уште не е донесен. Законот јасно предвидува дека странски и меѓународни здруженија на потрошувачи може да покренат класна акција тогаш кога одредени услови ќе бидат исполнети.

Невладините организации исто така поднесуваат кривични жалби до јавниот обвинител и бараат отпочнување на прекршочна постапка. Останатите активности на невладините организации предвидуваат поднесување претставки до Судскиот совет во врска со несоодветното однесување на судиите и барањето за информации од јавен карактер до судовите и административните тела.

По дозвола на соодветен судија и на барање на притворено лице, невладините организации посетуваат притвореници. Невладините организации беа вклучени и во редовните состаноци на Министерството за внатрешни работи, бараа редовно информирање за одредени предмети и ги дискутираа прекршувањата на дисциплината и на законите од страна на полицијата.

Организацијата на потрошувачи сподели специфични проблеми во врска со учеството во судските постапки. Поради судските такси, не обезбедуваат бесплатна правна помош на суд. Да нема судски такси барем за малите побарувања или да постои начин за одржливо финансирање за правно застапување, Организацијата на потрошувачи би била подготвена да преземе класна акција.

Хелсиншкиот комитет информираше дека само во една прилика полицијата не дозволила набљудувач да присуствува на јавна расправа.

[24] Службен весник бр. 138/14, 22/15, член 27.
[25] Службен весник бр. 17/15, член 16.
[26] Член 194-197.

# ДЕЛ 3

## Набљудување на судството од страна на невладините организации

Невладините организации во Македонија го набљудуваат судството на неколку важни начини. Во август 2013 година како резултат од следењето на работата на Судскиот совет, Институтот за човекови права издаде публикација насловена како „Анализа на независноста на судството во Република Македонија – перцепции, потешкотии и предизвици“. Публикацијата меѓу другото содржи наоди на Институтот за работењето на Судскиот совет. Институтот следеше како Судскиот совет се справува со големиот број жалби против судии и судови, како и критериумите согласно кои го вршеше изборот на судии. Селекцијата на членовите на Судскиот совет што спаѓа под критериумот „истакнати правници“ исто беше следен и коментиран.

Како дополнување, Институтот за човекови права го следеше и изборот на судиите во Врховниот суд, Уставниот суд и на членовите на Судскиот совет виден од медиумски аспект. Понатаму, беше анализирана и работата на Уставниот суд во врска со индивидуалните претставки за прекршување на човековите права.

Постоеја поплаки дека во некои судови на судиите не им било дозволено да ги пополнуваат прашалниците од проектот испратени до нив. Во Уставниот суд само двајца од петнаесет судии одговорија на прашалникот од Институтот. Институтот со жалење констатира недобивање коментари или повратни информации од Судскиот совет или од било кој друг судски претставник по однос на заклучоците и препораките на тоа поле.

Меѓу ноември 2014 година и април 2015 година, Институтот заедно со Хелсиншкиот комитет и Центарот за управување со промени продолжи со следење на работата на Судскиот совет. Во рамките на ЕУ финансираната Мрежа 23, го спроведе проектот „Анализа за независноста на судскиот совет во Република Македонија – стремеж и предизвици“. Анализите се засноваат на следење на сесиите на Судскиот совет, процедурите за регрутирање, разрешување и дисциплинирање на судии, квантитативни податоци, прашалници поднесени до членовите на Судскиот совет, интервјуа со судии, како и јавна анкета за перцепцијата на граѓаните за независноста на Судскиот совет. Во текот на истражувањето Институтот се соочи со проблеми при добивањето одговори од членовите на Судскиот совет, додека пак Врховниот суд го попречи пристапот до одредени одлуки. Наодите за работењето на Судскиот совет се вклучени во „Анализа за независноста на судскиот совет на Република Македонија – стремеж и предизвици“ промовирана во јули 2015 година. И додека претставниците на Македонското здружение на судии учествуваа на настанот, ниеден член на Судскиот совет не присуствуваше на истиот.

Меѓу 2010 година и 2011 година, Транспаренси интернешнл – Македонија спроведе регионал проект – ЦИНАП финансиран од ЕУ. Невладината организација ја измери корупцијата во судството на претходно одредени индикатори кои се однесуваат на институционални поставувања и правни рамки. Публикацијата од 2011 година насловена како „Антикорупциските барања на ЕУ: мерење на напредокот во судството,

јавната администрација и законодавството во Република Македонија“ е резултат на овој проект.[27]

ФООМ ја следи работата на судството во контекст на слободниот пристап до информации. ФООМ ја следи работата на судските тела за потребата на проектите кои го обработуваат пристапот до информации од јавен карактер и надзорот над законот т.е. спроведувањето на одредени закони. На пример, се бележи дека Административниот суд нема добиено повратна информација по однос на спроведувањето на своите одлуки од страна на административните тела.

Понатаму, ФООМ ја испитуваше работата на Врховниот суд по однос на реакциите на судот за пресудите на ЕСЧП против Македонија. Општо гледано ФООМ смета дека не постојат пречки за добивање на пресудите или другите материјали од судовите. Од друга страна, веб страната на судот со базата на податоци за пресудите не е нималку лесна за користење. Претседателот на СППМД учествува во тековниот процес кој има за цел да го подобри пристапот до пресудите и да ја направи веб страната на судот поедноставна за користење.

Во 2014 година невладината организација Зенит објави компаративна анализа за административната правда во Македонија и Црна Гора спроведена со користење на алатката на ЕУ – Таблица на правдата на ЕУ. Публикацијата насловена како „Зголемувајќи ја ефикасноста на македонскиот и црногорскиот правен систем преку воведување на иновативен ЕУ мониторинг и евалуациски механизам во сферата на административното право“ содржи резултати од сеопфатната проценка на административната правда во Македонија, заснована на неколку индикатори, како на пример квалитет, ефикасност и независност.

Во рамки на Мрежата 23, невладината организација Новус – Струмица ја следеше работата на Основниот суд во Струмица и ја објави својата анализа за 2015 година за независноста и објективноста на судството кое делува на територијата на Општина Струмица. Анализата беше спроведена од страна на Европската интегративна перспектива, во согласност со барањата на Поглавјето 23.

Во периодот 2015 година и 2017 година, Центарот за правни истражувања и анализи спроведува проект кој се стреми да развие индикатори за мерење на ефикасноста на судството врз основа на механизмите на ЕУ. Проектот предвидува широк консултативен процес со чинители, како и веб форум. Во 2013 година и 2014 година, Центарот за правни истражувања и анализи спроведе анкета за задоволството на корисниците на териториите под надлежност на апелациските судови Скопје, Штип и Гостивар. Се измери задоволството од користењето на одредени услуги од страна на граѓаните во и околу судовите, како и од самите адвокати. Бидејќи станува збор за истражувања финансирани од ЕУ, треба што поскоро да бидат објавени во јавноста.

Соработката и комуникацијата на невладините организации со судовите и судии се разликуваат од еден до друг суд, како и од една до друга невладина

---

[27] Достапно на англиски јазик на http://www.transparency.mk/en/index.php?option=com_content&task=blogsection&id=6&Itemid=36 пристапено на 13 јули 2015 година.

организација. Дел од судските претседатели и судии се поотворени за разговор со невладините организации по однос на нивните наоди и проблеми со кои се соочува судството денес. Други станувaaт жртви на самоцензура, што значи избегнуваат средби со претставници на невладините организации или било каква дискусија на прашања и проблеми со нив.

Наводно за невладините организации е полесно да добијат информации од меѓународната заедница присутна во Македонија, отколку од самото судство. Истата изјава се чини валидна и за спроведување на проекти во судскиот сектор финансирани од меѓународната заедница. Во повеќе наврати се потврди дека е тешко да се добијат повратни информации од судовите и другите судски институции или одговори на прашалници од страна на судиите.

Без разлика на нивото на соработка, сеопфатното следење на судството мора да биде изведено од страна на невладините организации со оглед на претстојните судски реформи. Спротивно на претходните реформи [28], кога имаше само неколку невладини организации со ограничени капацитети, невладиниот сектор е сега далеку поразвиен. Владата треба да ги искористи предностите на инситуционалната меморија и експертските капацитети на невладините организации за постигнување одржливи резултати во судскиот сектор, како и зачувување на перспективата за ЕУ интеграција.

## Следење, застапување и вклучување на невладините организации во законодавниот процес по однос на судството

Владината стратегија за соработка со невладиниот сектор и нејзиниот акциски план (2012-2017)[29] промовира поголемо вклучување на невладините организации во изготовка на закони, посебно во врска доближувањето на законите со ЕУ.[30] Идентификува недостаток од експертиза и финансиски капацитети во невладиниот сектор наспроти носењето закони.

Општо гледано, невладините организации може да ги поднесат своите коментари по однос на законите или предлог законите преку единствениот национален електронски регистар за регулирање (ЕНЕР).[31] Како и дали Владата ги зема истите предвид, останува нејасно. Невладините организации може да лобираат за законски промени согласно Законот за лобирање, но досега само неколку од нив беа успешни.

Здружението Зенит се фокусира на вклучување граѓани во процесот на креирање политики и развој, меѓу другото правни и судски рамки во согласност со стандардите и најдобрите практики на ЕУ. Нивниот извештај за 2014 година „Аналитички извештај за независноста, непристрасноста, професионалноста и ефикасноста на судскиот систем“, претставува значаен придонес кон ширењето на законодавството на ЕУ во Македонија. Од технички аспект, Извештајот меѓу другото

[28] Стратегија за реформи во судскиот систем за периодот 2004–2007.
[29] http://www.nvosorabotka.gov.mk/index.php?option=com_docman&task=doc_view&gid=126&Itemid=37, пристапено на 11 јули 2015 година, стр.25.
[30] Извештајот за напредок на Европската комисија за 2014 година ја осудува неговата несоодветна имплементација, стр. 10.
[31] https://ener.gov.mk accessed 11 July 2015.

заклучува дека законите се во голема согласност со законодавството на ЕУ. Она што недостига е соодветно спроведување на законската рамка по однос на судството.

Зенит е вклучена во работната група на Министерството за правда која се фокусира на законодавството на ЕУ. Толку повеќе што разви и правилник за поглавјето што се однесува на судството и фундаменталните права во врска со соработката и ширењето на информации со институциите и другите чинители.

ФООМ го следи и законодавниот процес во врска со распоредот за приближување до законодавството на ЕУ. Во 2013 година финансираше и објави анализа за спроведувањето на пресудите на ЕСЧП во Македонија. Анализата „Пресудите (треба да бидат) спроведени“ повикува на Владата и Уставниот суд да започнат со сеопфатна правна реформа со цел спроведување на пресудите на ЕСЧП.

Во врска со законодавството на ЕУ, ЕПИ во соработка со Хелсиншкиот комитет и Центарот за управување со промени организаше две работилници за подгрантистите на Мрежата 23. Работилниците беа фокусирани на следење и евалуација на јавните политики, како и развој, структура и содржина на Поглавјето 23 за судството и фундаменталните права.

Проектот на ЕПИ насловен како „Поддршка за подобрување на спроведувањето на медијацијата во Македонија“ е добар пример за учество на една невладина организација во креирањето на законите. Проектот беше спроведен меѓу декември 2011 година и јули 2013 година. Проектот резултираше во подобрување на правната рамка за медијацијата, на соработката и координацијата помеѓу главните чинители (Судството, Министерството за правда, Комората на медијатори), како и на капацитетите на судскиот систем за упатување на медијација. ЕПИ работеше на популаризација на медијацијата меѓу судиите како средство за намалување на трошоците и на судското заостанување. Обуката за медијација беше спроведена на Академијата. Ризикот од намалување на бројни судски предмети преку медијацијата со голем број судии можеби придонесе за немање интерес кај судиите за медијацијата. Гледано од позитивен аспект, судиите соработуваа за зголемување на популарноста на медијацијата.

Понатаму, во 2012 година Институтот за човекови права објави мислење за Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда и за законодавната проценка на предлог уставниот амандман[32], за законите на Судскиот совет од 2015 година и за Законот за антидискриминација со иницијатива за промена.

Невладината организација Полио плус ја поднесе првата успешна граѓанска законодавна иницијатива до Собранието со цел подобрување на правата на лицата со посебни потреби. Моментално се посветени на законодавните измени со цел подобрување работничките права на лицата со попреченост, борбата против дискриминацијата и јакнење на спроведувањето на правата на лицата со попреченост на локално ниво.

[32] Види Мислењето на Венецијанската комисија на Совет на Европа CDL-REF(2014)030 и CDL-REF(2014)026 и 030.

Како професионални здруженија, Здружението на судската администрација е многу активно во заштитата на интересот и статусот на своите членови. Лобира и поднесува законски предлози во врска со Законот за судската служба. Сепак и покрај многубројните барања за средба, за првпат успеаја да се видат со министерот за правда во април 2015 година. Здружението брои 1,200 членови.

Невладините организации учествуваат и во јавни дебати на тематски прашања од значење за судството, како на пример за абортусот, лустрацијата и др. Шест невладини организации кои нудат бесплатна правна помош побараа од министерот за правда да бидат дел од подготовката на Стратегијата за јакнење на судството (2014-2017).

Гледано од позитивен аспект, вклученоста на граѓанскиот сектор во претстојната работа во врска со судството и фундаменталните права (Поглавје 23) од страна на Владата, дава можност за градење соработка со граѓанскиот сектор и користење на нивната стручност. Како недостаток се бележи изразениот страв дека транспарентноста и вклученоста во подготовката на законите може да биде злоупотребена од антивладини и провладини невладини организации. Оттука, довербата треба да биде градена на сите страни.

Невладините организации посочија на проблеми во комуникацијата и добивањето информации од одредени институции за потребите на нивното истражување поврзано со судството т.е. Министерството за внатрешни работи. Недостатокот од или одложеното следење на значајни проекти причинува губење на веќе стекнати поволности, ресурси и стручност. Востановените начини на вклучување невладини организации во креирањето на легислативата се или поддржани од страна на меѓународната заедница или врз основа на претходни контакти. Нејасно е до кој степен коментарите на невладините организации се земаат предвид, посебно во подоцнежна фаза од легислативниот процес. Дури и доколку се земат предвид нивните коментари од страна на работната група формирана од одредено министерство, истите може да бидат исклучени на подоцнежно ниво без никакво објаснување. Понатаму, граѓанските иницијативи за усвојување на легислативата од страна на Собранитето предвидува висок праг (10,000 потписи) со цел истата да биде ефикасна.[33] Меѓу другото, невладините организации не добија никаков повратен одговор во врска со своите извештаи или анализи и покрај огромната работа инвестирана во проектите. Да сумираме, за невладините организации е тешко да го пронајдат својот пат низ законодавните лавиринти со цел нивните придонеси да бидат сфатени сериозно, а нивната работа вреднувана од страна на државните тела.

[33] Член 71 од Уставот.

## Следење на судски предмети, набљудување на судски предмети, надзор над судот

Коалицијата Сите за правично судење е добро позната по своето сеопфатно, систематско и тематско следење на судските предмети, своите извештаи и препораки кои се однесуваат на судството. Ќе спомeнеме само неколку од нивните постигнувања во областа на следењето на судските предмети: долгорочна програма за набљудување на судски предмети поврзани со корупција и други сериозни кривични дела, судски предмети против новинари обвинети за клевета и навреда и предмети поврзани со изборите. Објавени се повеќе од 29 извештаи од набљудување на судските предмети, анализи и препораки. Во 2015 година објавени се „Судската ефикасност и остварувањето на фер и правично судење“ и „Спроведување на меѓународните стандарди за фер и правично судење“. Коалицијата има релативно добра соработка со судовите, посебно со Основниот суд Скопје 1, суд од прва инстанца за кривични предмети. Со искусен кадар во следење на судски предмети, Коалицијата започна и проект за надзор на судот.

Невладината организација Избор – Струмица е член на Коалицијата Сите за правично судење. Таа ги следи судските постапки кога е обезбедена бесплатна правна помош. Следењето придонесува кон соодветно спроведување на постапките и законските акции од страна на судовите.

Хелсиншкиот комитет спроведува следење на судски предмети на дела за наводно прекршување на некое од основните права, како слободата на изразување, слободата на здружување, религиското убедување, правото на живот, слобода од тортура. Во 2014 година го објави извештајот „Основните граѓански и политички права и слободи – Анализа на набљудувани судски постапки за периодот од 01.09.2013 година до 30.06.2014 година“. Извештајот се однесува на предмети следени во следните области: забрана од тортура, недискриминација, слобода на изразување и пресумпција на невиност. Друг проект насловен како „Следење на работата на Уставниот суд и проценка на капацитетите за разгледување на уставните жалби“ се спроведува од март 2015 година до јули 2016 година. Проектните активности, меѓу другото, вклучуваат следење и известување за седниците на Уставниот суд, обезбедување бесплатна правна помош и спроведување на одлуките на Уставниот суд. Хелсиншкиот комитет ги следи седниците на Уставниот суд со цел да направи проценка на неговите капацитети во сучај предлогот за воведување уставна жалба да биде усвоен.

ЕСЕ има соработувано со судовите во минатите две години во врска со насилството над жените и заштитата од дискриминација против жените. Во соработка со други две невладини организации, ЕСЕ ги следи судските предмети и прави анализи врз основа на своите наоди. ЕСЕ гради мостови со судовите преку доставување и дискутирање на своите анализи со самите судии и преку постојано одржување на активен дијалог со судството.

На самиот почеток од следењето на судските предмети, од невладините организации понекогаш беше побарано да бараат дозвола за следење на судските

постапки или однапред да му предочат на судот за своето присуство. Денес, набљудувачите се примени во судот без никаков проблем. Судовите секогаш во своите записници го прибележуваат присуството на набљудувачите. Хелсиншкиот комитет преферира да го извести судот за своето присуство на судењето и како писмена белешка тоа влегува во списите на предметот, на тој начин ги помага своите активности за надзор. Всушност, писмената забелешка потврдува дека рочиштето е следено, а судиите вложуваат поголем напор знаејќи дека судењето е предмет на јавно известување. На невладините органзиации им е потребна посебна дозвола за набљудување на предметите што се одржуваат *in camera* т.е. судски предмети во врска со малолетници, жртви на силување. Како правило, невладините организации кои набљудуваат судски предмети разгледуваат и затворени предмети и имаат пристап до списите на предмети освен во случаи на истрага.

Поради слабостите на Судскиот автоматизиран информатички систем за управување со предмети, невладините организации се борат со недостатокот на статистички податоци поврзани со различни случаи т.е. медијација, домашно насилство, заштита на потрошувачи. Тие се борат и со изнаоѓање соодветен начин на комуникација со одредени судски тела или со Македонското здружение на судии.

Некои судии го поздравуваат набљудувањето на судските предмети од страна на невладините организации бидејќи истото придонесува кон поголема транспарентност на судските постапки. Пристапот до списите на предметот треба да биде дозволен во рамнотежа со барањето за заштита на податоците.

Судиите и претставниците на невладините организации се согласуваат по однос на тоа дека набљудувачите треба да бидат високи професионалци, објективни и да имаат знаење. Како пречка се јавуваат проблемите кои невладините организации ги имаат со финансиската одржливост што им ја отежнува намерата во изнаоѓање добри набљудувачи. Невладините организации имаат потреба и од континуирани обуки за набљудување на предмети, за стандардите на ЕУ по однос на судството, за наоѓање донации и за правни истражувања и анализи. Мешани обуки со судии и заеднички тркалезни маси би ја поттикнале соработката. Комуникацијата со медиумите исто треба да биде разгледана од страна на судовите и невладините организации.

Невладините организации и судиите имаат потреба од поттик за подобрување на меѓусебниот дијалог. Некои сметаат дека судиите не се свесни за меѓународните обврски и за сензитивноста на предметите за полово насилство. Други сметаат дека поради високите квоти по однос на предметите, судиите немаат доволно време за соработка со невладините организациии, па нивната работа е оценета врз основа на квантитативни податоци. Постојат ставови кои сметаат дека моменталниот систем за евалуација на судиите во комбинација со моќта на Судскиот совет да вработува, казнува и отпушта, ја намалува нивната независност. Секоја комуникација со судството секогаш оди преку претседателот на судот кој одлучува кој ќе биде дел од проектот. Не постои повратен коментар од судството, ниту координирани активности или заеднички проекти меѓу невладините организации и судството. Невладиниот сектор се уште не е перципиран како партнер од страна на правосудството. Во крајна линија моменталната

судска средина не е погодна за да ја продлабочи соработката меѓу судството и невладините организации.

Позитивно гледано, јавноста има висок степен на доверба во судството тогаш кога предметите се набљудувани. Страните во постапката бараат набљудување од страна на невладините организации во нивните предмети. Сепак, невладините организации се борат за да дојдат до континуирано финансирање за своите активности кое го лимитира бројот на предмети што овие може да ги следат.

## Вклученост на невладините организации во судските предмети

Како што е погоре спомнато, бројни невладини организации (МЗПМ, ЕСЕ, Хелсиншкиот комитет и др.) нудат бесплатна правна помош на различни категории граѓани т.е. жртви на полово насилство, Роми. Во рамки на проектот „Правна помош и застапување на лица од интерес за УНХЦР" МЗПМ нуди бесплатна правна помош на баратели на азил. Првата детска амбасада Меѓаши, нуди бесплатна правна помош на злоупотребувани деца и нуди услуги на СОС бесплатната телефонска линија. Невладината организација Избор – Струмица нуди бесплатна правна помош на жртви од полициска бруталност. Опции за здрав живот Скопје (ХОПС) нуди бесплатна правна помош со давање совети на сексуланите работници по однос на малтретирањето од страна на индивидуи, проблеми со полицијата и тужби.

Како дополнување на бесплатната правна помош, од страна на ЛГБТ Центарот за поддршка на Хелсиншкиот комитет се водат парници по предмети од дискриминација врз основа на сексуалната ориентација. МЗМП се вклучени и во стратешко водење во врска со предмети од дискриминација во рамки на проектот „Борба против дискриминацијата преку стратешко водење – Јакнење на улогата на граѓанскиот сектор". Клиентите се застапувани пред сите домашни судови и пред ЕСЧП. За првпат во 2015 година еден од домашните судови утврди дискриминација врз основа на попреченост. Во овој случај, МЗМП и понуди бесплатна правна помош на жртвата. Хелсиншкиот комитет за првпат ќе застапува малолетник пред ЕСЧП кој бил малтретиран од страна на државата за време на притворот. Проблемот е што малолетникот бил сираче под заштита на државно тело кое има придонесено кон неговото малтретирање.

Во 2013 година, на Мрежата за заштита од дискриминација од страна на Основниот суд – Гостивар и беше дозволено да се појави како „вмешувач" во случај за антидискриминација поднесен до судот.

Во врска со *actio popularis* невладините организации поднесоа барања за разгледување на уставноста и законитоста на различни акти. Понатаму, Законот за животната средина предвидува дека невладините организации кои работат на ова поле може да започнат постапка против одлуките на административните тела кои одобруваат или отфрлаат одреден проект што може да има влијание врз животната средина.[34] Невладините организации кои работат на прашања за животната средина, како на пример Арсена, поднесуваат бројни тужби и барања до релевантни тела за

[34] Член 89(1) од консолидираниот текст на Законот.

присуство на ареснид во водата за пиење во Гевгелија и држат чекор со релевантните судски постапки. Фронт 21/42 нуди правно советување на невладини организации и граѓани за расположливите правни лекови во врска со проблеми од животната средина.

И додека класните акции хипотетички може да бидат поднесени во предмети за потрошувачи, Организацијата за заштита на потрошувачите никогаш се нема обидено да направи било каква судска акција. Организацијата нуди само претсудска бесплатна правна помош.

МЗМП во врска со своето искуство во стратешко водење учествуваше во подготовката на неколку анализи и извештаи. Коавтор е на анализата за спроведување на Законот за кривична постапка, анкета за веб страна и за надворешните извори на е-правдата во судовите, како и на извештајот за перципциите по однос на Законот за кривична постапка. Во 2014 година има соработувано и со Центарот за правно истражување и анализи во подготовка на Анализа за стратешко водење на предмети во судска постапка од областа на дискриминацијата.[35]

Невладините организации се борат со различни проблеми. Некои адвокати на невладини организации се жалеа дека немаат доволно време за подготвување на одбраната и дека не им е даден пристап до списите на предметот за време на истрагата под изговор да не се наруши доверливоста. Други се жалат дека судиите се многу конзервативни и им недостига сензитивитет по прашања како на пример дискриминацијата. Повеќето невладини организации сметаат дека судиите се под политички притисоци при одлучување по предмети во корист на државата или во согласност со државните политики.

Во случаи од заштитата на потрошувачите, судските такси се прекумерни дури и во мали побарувања. Главната канцеларија на невладината организација Арсена беше каменувана. Меѓу другото, имаше притисоци за да не се алармира против ризиците по животната средина.

## Невладини организации кои работат на полето на пристапот до информации. Транспарентност.

ФООМ разви сеопфатна програма за пристап до информации вклучувајќи пристап до пресуди и општи информации за судовите и судството. Финансира и публикации за надзор над законите кои се фокусирани на спроведувањето закони. Анализата за надзор над законот од 2013 година насловена како „Шест години подоцна. Дали попушта ѕидот на тишината?“ се фокусира на слободниот пристап до информации и комуникации од јавен карактер, меѓу другото и на судството. ФООМ исто финансира и многу корисна веб страна која обезбедува насоки и информации како да се дојде до информации од јавен карактер. Страната содржи детална база на податоци за барањата за информации поднесени од страна на Фондацијата и одговорите

[35] Достапно на македонски јазик на http://cpia.mk/web/wp- content/uploads/2014/08/Izveshtaj_diskriminacija_A5_2014-1.pdf

добиени од страна на Врховниот суд, Административниот суд, Судскиот совет и Уставниот суд .[36]

Младинскиот образовен форум (МОФ) меѓу 2010 година и 2011 година спроведе проект на Правниот факултет – Скопје кој обезбеди насоки и помош за студенти по однос на Законот за пристап до информации од јавен карактер.

Хелсиншкиот комитет информираше дека редовно поднесува барања за информации од јавен карактер и редовно, без проблем добива одговори.

Институтот за човекови права посочи дека за потребите на своето неодамнешно следење на работата на Судскиот совет, не им бил дозволен пристап до одредени одлуки на Врховниот судски панел кој решава по жалби на судии во врска со нивното разрешување, под изговор дека истите содржат доверливи информации.

Во 2006-2007 година, СППМД започна пилот проект во судот во Кавадарци креирајќи ја судската веб страна и објавувајќи ги пресудите. Нивниот претседател (судија) е член на работната група што ја дизајнираше судската веб страна. Бидејќи СППМД придонесе кон автоматизираноста на судот и во судскиот систем за управување со информациите, нивниот претседател ја задржа клучната улога во функционирањето на системот.

Што се однесува до воочените слабости, ФООМ забележа дека не била идентификувана ниедена прекршочна постапка по однос на имателите на информации кои ја игнорирале одлуката на релевантната комисија да им обезбеди на истите пристап до информации од јавен карактер. Забележано е и дека судиите се најпроблематичната група кога станува збор за пополнување на прашалникот кој е во согласност со забелешките на останатите невладини организации. Хипотетичката злоупотреба на информации беше оправдување со цел да се попречи пристапот до информации од јавен карактер. Се од горенаведеното посочува на недостаток на доверба од страна на судството.

Понатаму, истражувањето на ФООМ покажува дека најтешки за добивање се финансиските информации за користење на јавните средства. Се бараат неразумно високи такси за едноставна информација, како на пример за бројот на регистрирани невладини организации во Македонија. Ова претставува бариера кон добивање информации од јавен карактер. Факт е дека транспарентноста на судството се има зголемено во последните неколку години со помош на невладиниот сектор. Сепак, Извештаите за напредокот на Европската комисија 2012-2014 ја нагласуваат потребата од поголема транспарентност на судството во согласност со принципите дека правдата не само што треба да биде добиена туку да биде и видливо донесена. И покрај фактот што пристапот до пресуди и судски информации е чекор во права насока, сепак тоа не е доволно. Само кога на јавноста и е гарантирано дека судиите кои седат на клупата се непристрасни и независни, само тогаш судската транспарентност ќе води кон зголемување на јавната доверба.

[36] http://www.foi.org.mk/index.php?lang=en

## Невладините организации во одбрана на судството и судската независност

Советот за владеење на правото (Совет) е мрежа од професионални правни здруженија и граѓански асоцијации создадени од МЗМП, ЕЛСА, Здружението на судската администрација и Коалицијата Сите за правично судење. Нивната цел е да работат кон остварување на судската независност, отчетност и ефикасност. Советот ја следи ефикасноста на судството, промовира доживотно учење, создава капацитети на други невладини организации и се поврзува со слични здруженија од ЕУ. Неговото највисоко тело е Секретаријатот со еден претставник од секоја организација.

Во 2014 година Институтот за човекови права во соработка со ОБСЕ изготви анализи за ефикасноста на правните лекови во постапките поврзани со регрутирање, разрешување и дисциплинирање на судии. Институтот редовно го публикува „Правниот дијалог" што содржи статии за правната независност и ефикасност.

Здружението Зенит во својот аналитички извештај за независноста, непристрасноста, професионализмот и ефикасноста на судскиот систем (гореспоменат) нуди збир од валидни препораки за тоа како да се подобри и заштити судската независност и непристрасност. Останатите нивни публикации нудат интересни анализи за правниот сектор виден од перспектива на ЕУ интеграцијата. На пример, кратката анализа од 2014 година ги обработува ефектите од условеноста на ЕУ во врска со судската независност во Македонија. Преку својата набљудувачка работа, невладините организации открија дека средствата алоцирани во судскиот буџет „исчезнуваат" (всушност се потрошени на други приоритети). Ова е поткрепено од изјавите на судските претседатели и судии за недостатокот на човечки и други ресурси со негативни ефекти по квалитетот на правдата.

Во октомври 2014 година, 14 прекршочни судии и 11 членови на судскиот регистар беа приведени поради наводна злоупотреба на својата позиција. Во врска со ова приведување Хелсиншкиот комитет даде изјава за јавноста објаснувајќи го како притисок извршен на судството од страна на извршната власт.

## Обуки и работилници за судии организирани од експертски невладини организации

Во Македонија не постојат експертски невладини организации кои континуирано би нуделе специјализирани обуки или би организирале работилници за судии и покрај тоа што потребата од нив е очигледна со цел да се покријат оние празнини во обуките понудени од страна на Академијата. Тоа може да придонесе кон поконзистентна, но и пофлексибилна судска пракса во однос на потребата од обуки.

Организацијата на потрошувачи и ЕПИ одржуваат предавања на Академијата по прашања поврзани за заштитата на потрошувачите и медијацијата. Обуките на ЕПИ за медијацијата станаа дел од редовниот курикулум на Академијата. МЗМП во соработка со Академијата држеше обуки на тема борба против дискриминацијата, но ваквата пракса повеќе не постои.

Во 2010 година и 2011 година, Коалицијата Сите за правично судење организираше две заеднички едукативни активности на Академијата. Се помогна во организација на обуки дадени од страна на експерти од Италија и Хрватска. Во 2014 година експерт на Хелсиншкиот комитет во соработка со ОБСЕ имаше презентација за говорот на омраза. Здружението за кривично право и криминологија и Македонската адвокатска комора, како здруженија на правни професионалци продолжија да испорачуваат обуки и да организираат работилници за судии и други правни професионалци.

Во минатото, Македонската адвокатска комора спроведуваше континуирано образование за судии до оној момент кога судското образование не беше преземено од страна на Академијата. Денес, курсевите за судии кои се дел од континуираното образование, се испорачани од страна на Академијата.

Се чини дека бројот на невладини организации кои соработуваат со Академијата почна да се намалува. Академијата повеќе сака да биде целосно вклучена во организациските аспекти на проектот, веќе предодредени од срана на донаторот. Во однос на спорадичната соработка помеѓу невладините организации и Академијата која најчесто се случува со поддршка на меѓународната заедница, се советува поголемо влијание на невладините организации врз курикулумот на Академијата. Некои сметаат дека регрутирањето на обучувачи во Академијата не е транспарентно. Во повеќе наврати исти судии се регрутираат како обучувачи.

Се чини дека во моменталната институционална поставa нема простор за експертска невладина организација да понуди континуирано образование на судии. Дури и Македонската адвокатска комора прекина со обезбедување обуки за судиите. На судиите им се засметуваат како задолжителни само оние курсеви кои се земаат на Академијата. За една експертска невладина организација би било тешко да биде финансиски одржлива, бидејќи донаторите повеќе сакаат своите средства да ги алоцираат на Академијата. Единствена компаративна предност од таква невладина организација би била да понуди часови кои не се предвидени од страна на Академијата, но кои се од интерес за судиите, или пак да се организираат студиски посети и платени курсеви за судиите надвор од државата. Учење на далечина може да претставува друга можност.

## Невладините организации како организации за едуцирање на граѓаните по однос на судството

Постојат неколку примери за граѓанско образование по однос на судството и правните постапки, пример:

1) Од 1998 година МОФ работи на улични програми по право. Организацијата објави бројни публикации кои се однесуваат на учениците и средношколците, на пр. во 2012 година „Еден обичен демократски ден на љубопитниот Слободан со г-ца Правда“, „Антидискриминацијата во средното училиште“. Во 2015 година организираше симулација на судски расправи со средношколци од Скопје и Велес.

2) Проектот на ЕПИ посветен на медијацијата кој се одвиваше низ цела земја, содржеше бројни активности за подигање на јавната свест кај граѓаните по однос на придобивките од медијацијата наспроти судските постапки. Главната цел беше да се подигне бројот на медијации преку едуцирање на јавноста за процедурата и нејзините придобивки.

3) Проектот за јакнење на судството со објавување на две брошури ги поддржи напорите на ЕЛСА за подобрување на јавното информирање и образование. Првата брошура беше посветена на организацијата на судскиот систем во Македонија и беше дизајнирана како граѓанско образование за средношколците. Беа организирани и посети на судовите. Средношколците имаа можност да учествуваат во симулација на спорови од областа на работните односи и беа воведени во функционирањето на електронскиот систем на снимање.
Втората брошура насловена како „Малолетничкиот систем на правда-превенција наспроти казнување" е преглед на системот за малолетничка правда. Беа отпечатени вкупно 1,500 примероци на македонски и албански јазик и беа дистрибуирани по судови, членови на ЕЛСА, средношколци и други заинтересирани институции и здруженија.

4) ФООМ (еден од донаторите на МОФ) во рамки на клиничката програма „Студираме право", во 2006 година објави сеопфатен водич за улично право и низ Македонија одржа обуки наменети за младите. Целта беше да се зајакне правната култура. Во 2010 година, ФООМ финансираше публикација насловена како „Водич за млади, основни граѓански и политички права" со цел појаснување на овие концепти и поттикнување на младите да бараат почитување на своите човекови права.

5) Во рамки на проектот „Пристап до правда во Република Македонија"[37] МЗМП заедно со шест други невладини организации хостираше портал за пристап до правдата со цел да ги едуцира и информира граѓаните за бесплатната правна помош.

6) И последно, Советот за владеење на правото ги образуваше граѓаните за законските измени т.е. за Законот за кривична постапка. Кампањата за подигање на јавната свест за законот допре до граѓаните преку јавните и социјални медиуми.

## Друг вид на невладини организации – интеракција со судови кои не припаѓаат во претходните групи

Во 2014 година во рамки на проектот „Судница за 21 век", со странска помош СППМД успеа да ја опреми првата судница за симулација на судска расправа на Правниот факултет во Штип. Судницата ќе биде користена за организација на симулации на судски расправи со учество на студенти, но и за вистински судски

[37] http://pristapdopravda.mk.

расправи на Апелацискиот суд бидејќи просторијата е опремена со модерна судска опрема.

Невладините организации за правата на жената како ЕСЕ или Ла Страда Отворена порта се активни во заштитата на жртвите од домашно насилство и од трговија со луѓе. ЕСЕ објави прирачник за судии за работа по предмети од домашно насилство.

## Меѓународна соработка

Делегацијата на ЕУ во Македонија, ОБСЕ и проектите финансирани од УСАИД (пр. Јакнење на правосудството) финансираа и поддржија бројни невладини организации за да се вклучат во судските реформи со цел јакнење на судската независност и градење на нејзините капацитети, за да понудат специјализирани обуки, за да се зајакне транспарентноста и за да се поддржат комплексните правни и судски реформи.

Примери за меѓународна соработка се:

1) Проект спроведен од МЗМП со УНХЦР кој стреми кон обезбедување бесплатна правна помош на баратели на азил, бегалци и лица со супсидијарна заштита. Активностите се фокусираат на подобрување на квалитетот на правното застапување и на развивање национални процедури за азил. Овој проект што започна во 2010 година денес има дури и поголема важност земено предвид моменталниот прилив на бегалци на Западен Балкан.

2) Мрежа 23 соработува со невладини организации од регионот на Балканот. Излагачи доаѓаат од Бугарија – Фондација Европски институт во Софија, Хрватска – Гонг/Платформа 112 – Загреб, Црна Гора – Институтот Алтернатива во Подгорица и Србија – Центарот за Европска политика во Белград го споделија своето искуство во врска со Поглавјето 23. На финалната конференција на Мрежата 23 што се одржа во јули 2015 година, излагачите ги презентираа перспективите на своите земји за интегрирање во ЕУ.

3) За потребите на „МАТРА Проектот за поддршка на подобрувањето на имплементацијата на медијацијата во Македонија“ ЕПИ соработуваше со Асер Институтот – Хаг. Благодарение на холандските обучувачи беа одржани високо стручни обуки за судии. Втора причина беше пренесување на знаење од холандскиот партнер. Асер Институтот назначи експерт од холандскиот Центар за управување со конфликти кој обезбеди експертиза на лице место и совет за време на работилниците на Среднорочниот план за промоција и имплементација на медијацијата. Холандските експерти кои придонесоа кон експертската дискусија присуствуваа и на тркалезната маса за Стандардите за квалитет на медијацијата во Македонија.

4) Транспарентност интернешнл-Македонија беше вклучена во регионален антикоруптивен проект Центри за застапување и правни совети (ЦЗПС) во периодот меѓу 2011 година и 2012 година во југоисточна Европа, поддржана од

Транспаренси интернешнл. Проектот понуди правна помош во време на собирање информации со цел идентификување на слабостите на системот и лобирање за успешно гонење на корупцијата. ЦЗПС се вклучени во посредување на коруптивното известување, правно советување, подигање на свеста и градење на капацитетите.

5) Од 1998 година Организацијата за заштита на потрошувачите е членка на Меѓународни потрошувачи. Во 2009 година тие соработуваа на проект што се фокусираше на јакнење на маркетиншкиот натпревар и на моќта на купувањето на потрошувачите. Од 2000 година Организацијата е членка на мрежата на Европската организација на потрошувачи, а од 2008 година учествува и на нивните обуки. Организацијата е членка и на Европскиот глас за стандардизација – АНЕК.

6) Еден од судиите (претседателот на СППМД) е член на Мрежата за судска размена на централна и источна Европа поддржана од ЦЕЛИ Институтот во Прага. Тој учествува на средби и други настани организирани од Мрежата како поддршка за независноста на судството. Македонскиот претставник е вклучен во материјализирање на можностите за организирање заедничка конференција во Македонија.

7) Македонија е земја членка на Регулаторните судски власти за регионот на Балканот кои се со намера да воспостават соработка по одредени теми со балканските судски власти. Ова тело соработува со Европската мрежа на совети за судството и се користи како извор за невладините организации. Македонските претставници учествуваат на нивните редовни конференции.

8) Во минатото Македонската адвокатска комора соработуваше со Европската судска асоцијација и учествуваше на нивните конференции. Македонската адвокатска комора јавно ја поддржа Резолуцијата на Здружението на европските судии која датира од 16 мај 2015 година и која бара ослободување на двајца турски судии притворени под обвинение дека ослободиле осомничен.

9) Во врска со студентската и младинска меѓународна соработка, ЕЛСА-Македонија има статус на набљудувач во Европската асоцијација на студенти по право и учествува во дел од нивните активности. На пример, Програмата за размена на практиканти на ЕЛСА (СТЕП) се спроведува и во Македонија. Асоцијацијата на европската студентска структура (АЕСС) е полноправна членка на АЕСС – Европа. Нејзина цел е да помогне во вклучувањето на македонските студенти во едукативните програми, како на пример преку летни курсеви/универзитети. МОФ е членка на меѓународната и регионална антикорупциска мрежа и на Мрежата за меѓународна едукативна дебата. Спроведе и проект на Советот на Европа за слободата на изразување.

# ДЕЛ 4

## Библиографија


- Бојаџиевска*, Богдановска*, *Имплементација на меѓународните стандарди за фер и правично судење (Implementation of International Standards for Just and Fair Trials), Коалиција сите за правично судење*, 2015 година
- Центар за истражување и анализи, *Анализа за стратешко водење на предмети во судска постапка од областа на дискриминацијата (Analysis of the Strategic Litigation in Court Procedure in the Area of Discrimination)*, МЗМП, 2014 година
- Чаловска и други, *Правосудството и темелните права во Република Македонија (The Judiciary and Fundamental Rights in the Republic of Macedonia)*, Хелсиншки комитет за човекови права, 2015 година
- Коалиција Сите за правично судење, *Човековите права во полициска постапка (Human Rights in Police Procedure),* Коалиција Сите за правично судење, 2012 година
- ЕПИ, "Поглавје 23 Правосудство и темелни права, Зошто е клуч на пристапувањето во ЕУ?"
- Фондација Отворено општество - Македонија*, Шест години подоцна: Дали попушта ѕидот на тишината,* Фондација Отворено општество - Македонија, 2013 година
- Фондација Отворено општество – Македонија, *Основна формалност: дваесет и вториот квартален извештај,* Фондација Отворено општеством – Македонија, 2014 година
- Институт за човекови права, *Анализа за независноста на Судски совет на Република Македонија – стремеж и предизвици - (Analysis of Independent Judicial Council of the Republic of Macedonia – Goal and Challenges)* објавен на веб страна, 2015 година
- Калајџиев, *Ефективна одбрана во кривичната постапка во Република Македонија (Effective defense in criminal procedures in the Republic of Macedonia)* Фондација Отворено општество, 2014 година
- Коцевски и други, *Извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош во 2013 (Report on the Implementation of the Free Legal Aid Law in 2013)*, МЗМП, 2014 година
- Коруновска и други, *Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија (Legal Needs and Road to Justice in the Republic of Macedonia)* Фондација Отворено општество, 2013 година
- Кос и други, *Зголемувајќи ја ефикасноста на македонскиот и црногорскиот правен систем преку воведување на иновативен ЕУ мониторинг и евалуациски механизам во сферата на административното право,* Зенит, 2014 година

- Македонски центар за женски права – Центар за згрижување, Следење на судски постапки, Македонски центар за женски права – Центар за згрижување, 2010 година
- Најчевска и други, *Пресудите (треба да) се имплементираат (Judgments (should be) implemented*, Фондација Отворено општество - Македонија, 2013 година
- Нанев и други, *Процедури за постапување со дете-жртва (Procedures to Deal with Child-Victim)* Совет за превенција против малолетничкото претстапништво, 2014 година
- Начев, *Судската независност во Македонија: Колку ефикасна е условеноста за владеење на правото на ЕУ во процесот на пристапување*, Зенит извештај, 2014 година
- Мрежа за заштита од дискриминација, *Извештај на мрежата за заштита од дискриминација (Report of the Network for protection from Discrimination),* Мрежа за заштита од дискриминација*,* 2014 година
- Огненовска, *Извештај за соработката меѓу Владата и невладиниот сектор јуни 2012 година – декември 2014 година*, Македонски центар за меѓународна соработка, 2015 година
- Шаровски, *Водич низ законот за здруженија и фондации (Guide to the Law on Associations and Foundations)* Фондација за развој на локалната заедница Штип (…)
- Стојановски и други, *Основните граѓански и политички права и слободи (Basic Civil and Political Rights and Freedoms)* Helsinki Committee for Human Rights, 2014 година
- Тасева и други, *Антикорупциските барања на ЕУ: Мерење на напредокот во судството, јавната администрација и законодавството во Република Македонија*, Академско печатење, 2011 година
- Томшиќ - Стојковска*, Судската ефикасност и остварувањето на фер и правично судење (Judicial Efficiency and Fulfilment of Fair and Just Adjudication), Коалиција Сите за правично судење* 2015 година
- Цаца – Николовска и други, *Анализа на независноста на судството во Република Македонија – перцепции, потешкотии и предизвици (Analysis of the Independence of the Judiciary in Macedonia – perceptions, difficulties and challenges)*, Институт за човекови права, 2013 година
- Зенит и други, *Независност, непристрасност, професионализам и ефикасност на судскиот систем*, Зенит, 2014 година
- Зенит, *Правилник на работната група 23 – Судството и фундаменталните права*,
- Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија, 2013 година